# совет за етика во медиумите на македонија

21.11.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Аријанит Џафери за текстот со наслов "Konfirmohet lajmi i Zhurnalit: z.Xhaferi "Rrena i ka këmbët e shkurta": Dhe tani pas faktit të dytë, dëshmi VIDEO prezenca juaj në mbledhjen e LSDM-së, cfarë do ti thuani popullit?", односно "Се потврдува веста на Журнал: Г-н Џафери "На лагата кратки и' се нозете": И сега после вториот факт, ВИДЕО доказ од вашето присуство на состанокот на СДСМ, што ќе му кажете на народот?" објавен во на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 10 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба*

*да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ќе ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 20.10.2016 година, Аријанит Џафери поднесе жалба за текстот со наслов "Konfirmohet lajmi i Zhurnalit: z.Xhaferi "Rrena i ka këmbët e shkurta": Dhe tani pas faktit të dytë, dëshmi VIDEO prezenca juaj në mbledhjen e LSDM-së, cfarë do ti thuani popullit?", односно "Се потврдува веста на Журнал: Г-н Џафери "На лагата кратки и' се нозете": И сега после вториот факт, ВИДЕО доказ од вашето присуство на состанокот на СДСМ, што ќе му кажете на народот?" објавен во на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот известувањето е неточно и нефер.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Журнал и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на фотографијата е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 08.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Аријанит Џафери и направи увид во наведениот текст.

Членовите на Комисијата, најпрво, најдоа дека, иако во текстот се изнесени низа авторски видувања, авторот не разграничува што се факти, а што информации и сопственото мислење го камуфлира како факт. Дотолку повеќе што во очите на јавноста жалителот се поставува во подредена положба, бидејќи не е побаран став од него како страна во новинарскиот производ, што е базичен императив во професионалното новинарство.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот се искористени видео и фотоматеријали кои не потекнуваат од настанот, а за кои авторот тврди дека се од партискиот конгрес на СДСМ, туку од дебата организирана од истата политичка партија, каде што тој бил поканет како говорник. Тоа јасно може да се увиди од видео и фотоматеријалите, односно на дебатата присуствуваат и други лица кои не се членови на СДСМ.

Етичноста во овој новинарски производ е нарушена и поради тоа што жалителот дополнително се дискриминира на етничка и граѓанска основа и во обид на девалвација неправедно се претставува како политичка личност - член на политичката партија СДСМ, што впрочем тоа е негово лично и граѓанско право гарантирано со чл. 20 од Уставот на РМ. Со овој член на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.

***

Комисијата за жалби најде дека во текстот со наслов "Се потврдува веста на Журнал: Г-н Џафери "На лагата кратки и' се нозете": И сега после вториот факт, ВИДЕО доказ од вашето присуство на состанокот на СДСМ, што ќе му кажете на народот?" објавен во на 07.10.2016 година, на Интернет порталот Журнал, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата констатира дека е прекршен член 10, според кој обврска на новинарите и медиумите е да ги заштитат поединците и групите од неправда и дискриминација извршени од страна на јавни органи и институции, од приватни претпријатија или од кој било друг.

Комисијата заклучи дека е прекршен и член 13, според кој новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот, за да се одбегнедезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Журнал (www.zhurnal.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски